**20141785545**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАЦИОНАЛНИ ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и јавното претпријатие за државни патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 декември 2014 година.

Бр. 07 – 4512/1
2 декември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАЦИОНАЛНИ ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за Програмата за национални патишта кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 160.000.000 ЕВРА, доколку Јавното претпријатие за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договор за заем од член 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта за финансирање на Програмата за национални патишта.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши Јавното претпријатие за државни патишта од

приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од член 1 на овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години со вклучен грејс период од четири години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 % од износот на првата транша во рок од седум дена од денот на ефективност на траншата.

Во рок од седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 % од износот на втората транша.

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

За износот на неповлечени средства од заемот за првата транша провизијата ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од член 1 на овој закон, а провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон и Договорот за гаранција Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.